Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по основи на општествените науки за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

## 1 . НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ

Предметот **основи на општествените науки** има значајно место во воспитно - образовниот процес во основното деветгодишно образование за **учениците со аутизам** кои треба да усвојуваат суштински, систематизирани и научно  потврдени знаења. Тие треба да стекнат основно разбирање на минатото и сегашноста на историјата на цивилизациите и нејзините главни етапи. Изучувањето на историјата треба да изгради свест и позитивни ставови на одредени историски настани, движења, личности во историската борба за демократија и човекови права.

Наставата по основи на општествените науки исто така дава придонес во изградувањето на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, да им помага на младите да ја разбираат сегашноста во светлината на минатото и се она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократијата, како и да го продлабочи интересот за натамошно изучување на историските настани и процеси.

Неделен фонд на часови: 2 часа
Годишен фонд на часови: 72 часа
Статус на предметот:  задолжителен

## 2 . ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

*Ученикот /ученичката:*

- да се оспособува , да ги проширува усвојува основните знаењата за значајните настани, појави, процеси и личности кои оставиле трага во историјата на човештвото;
- да ги развива способностите за сознавање на причинско-последичните врски на историските појави и да го развива критичкото мислење кон општествено - економските процеси низ сите историски развојни периоди;
- да се поттикнува да ги развива способностите за сознавање на општествените процеси и промените кои се развиваат преку историските настани /случувања;
- да се поттикнува да ги развива способностите за разбирање на поврзаноста меѓу економските, политичките и социјалните односи во одделните општества низ историскиот развој;
- да се поттикне да го запознае историското минато со цел да ја разбере сегашноста;
- да се поттикнува да развива чувство на патриотизам кон својот народ и својата татковина и да ги почитува историските, општествените и економските вредности и разлики на народите во светот;
- да се поттикне да ги развива способностите, да умее да ги препознава културните и верските разлики меѓу народите;
- да се поттикнува, да развива чувство на почит и лојалност кон Република Македонија;
- да се поттикнува, да развива свест за сопствениот национален идентитет;
- да се оспособува, да ги осознава настаните и процесите во сопствената историја и историјата на балканските и европските народи;
- да се поттикнува, да развива чувство на меѓуетничко разбирање во Република Македонија и почит меѓу Македонците, Албанците, Турците и припадниците на другите заедници како и со народите на Балканот, Европа и светот преку изучување на историјата и културата на различните народи и држави;

- да се поттикнува, да го почитува историското и културното наследство на Македонија и другите народи;
- да се поттикнува, да развива свест за почитување на човековите права и слободи.

## 3 . ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВО VIII ОДДЕЛЕНИЕ

*Ученикот /ученичката:*

- да се поттикнува, да ги проширува знаењата за општествената и културната средина;
- да се поттикнува да развива способности за сознавање и доживување на своето однесување и однесувањето на другите во општествената и културната средина;
- да се поттикнува да ги осознава појавите кои се поврзани со проблемите во општествена и културната средина;
- да се поттикнува да ја разбира заемната поврзаност на општествените појави;
- да се поттикнува, да развива самостојност, самодоверба и одговорност;
- да се поттикнува да соработува со другите и активно да учествува во решавање на настанатите проблеми;
- да ги развива способностите за комуницирање и соработка со другите;
- да се поттикнува да се запознава со историските периоди;
- да се запознава со суштинските поими и термини карактеристични за овој историски период како што се: акумулација, автономија, декларација, влада, мануфактура, нација, парламент, политички партии,

коалиција, империјализам, меморандум, манифест, сталеж, револуција, анексија, емиграција, конгрес, конференција, просветителство;

- да се поттикнува, да ги запознава значајните настани, процеси, промени и личности што го одбележуваат периодот од крајот на VIII век до Првата светска војна;
- да се запознава со граѓанското општество, формирањето на национални држави, воведувањето на парламентарна демократија и други придобивки значајни за овој историски период;
- да се запознава со меѓусебната поврзаност и соработка меѓу балканските народи во борбата за национално, политичко, економско и културно ослободување од османлиското владеење;
- да се запознава со културните придобивки на балканските народи и за нивното значење во осознавањето на нивниот национален идентитет;
- да се запознава со создавањето на балканските држави во XIX и почетокот на XX век;
- да се запознава со МРО и нејзините истакнати дејци во борбата за ослободување од османлиското владеење и создавањето на автономна македонска држава;
- да се запознава со придобивки од борбата на македонскиот народ, поради кои Илинденското востание и Крушевската република се епопеја на македонскиот народ.

4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет: ОСНОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ | | | |
|---|---|---|---|
| 1. СВЕТОТ И ЕВРОПА КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА **(ориентационо 12 часа)** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката**<br><br>▪ Учениците да се поттикнуваат да стекнат знаења за научно-технолошкиот развој;<br>▪ Ученицте да се поттикнуваат да го согледаат стопанскиот подем на Европа и развојот на меѓународната трговија. | ИНДУСТРИСКИ ПОДЕМ НА ЕВРОПА | Индустриска револуција<br>Електрична енергија<br>Технички пронајдоци<br>Граѓанство | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации-разговор по илустрации за индустриската револуција (електрична енергија и техничките пронајдоци)<br>▪ Споредување на животот порано и денес пр. техничките пронајдоци и електричната енергија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикнуваат да ги разберат причините за револуцијата;<br>▪ Да се поттикнуваат да ги осознаат основните пораки и значењето на Декларацијата за правата на човекот и граѓаните. | ФРАНЦУСКАТА БУРЖОАСКА РЕВОЛУЦИЈА | Просветителство<br>Апсолутизам<br>Декларација<br>Револуција<br>Јакобинци<br>Жирондисти<br>Република<br>Бастилја<br>Шарл Монтеские<br>Франсоа Волтер<br>Жан Жак Русо<br>Кралот Луј XVI<br>Максимилијан Робеспјер | ▪ Разговор преку слики, илустрации, историска читанка за француската буржуаска револуција<br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Илустрации-разговор по илустрации за значајните личности од тој период<br>▪ Изработка на пано, со слики , илустрации од значајните личности од тој период |
| ▪ Да се поттикнат да го согледаат влијанието на Француската револуција кај другите европски народи;<br>▪ Да се поттикнат, да | ЕВРОПА ПО ФРАНЦУСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | Директориум<br>Наполеон Бонапарта<br>Аустерлиц<br>Бородино<br>Битката на | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и од други пишувани материјали<br>▪ Раскажување на приказни за Наполеон Бонапарта |

| | | | |
|---|---|---|---|
| стекнат знаења за освојувањата на Наполеон Бонапарта;<br>▪ Да се поттикнат да го согледаат процесот на национално будење на повеќе европски народи. | | народите кај<br>Лајпциг<br>Ватерло<br>Света Алијанса | ▪ Следење на документарен филм за Наполеон Бонапарта |
| ▪ Да се поттикнат, да стекнат знаења за формирањето на САД и за нејзиното државно-политичко уредување;<br>▪ Да се поттикнат, да го осознаат економскиот подем и надворешната политика на САД. | ФОРМИРАЊЕ НА СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ И НИВНИОТ ПОДЕМ | Декларација за независност<br>Џорџ Вашингтон<br>Томас Џеферсон<br>Абрахам Линколн<br>Граѓанска војна меѓу северот и југот<br>Укинување на ропство | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за формирањето на Соединетите американски држави и нивниот развој<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |
| ▪ Да се поттикнат , да стекнат знаења за | РУСИЈА ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | Петар И Велики<br>Катерина II | ▪ Текст метода: читање текстови од историска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| прераснувањето на Русија во голема светска сила – реформите на Петар Велики и Катерина Велика;<br>▪ Да се поттикнат, да стекнат знаења за укинувањето на кметството во Русија;<br>▪ Да се поттикнуваат, да стекнат знаења за надворешната политика на Русија. | | Руска азбука<br>Руска флота<br>Москва<br>Санкт Петербург<br>кметство<br>крепосништво<br>Кримска војна<br>Париски мир | читанка и други пишувани материјали за Русија до Првата Светска војна<br>▪ Работа со историски атлас<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |
| ▪ Да се поттикнуваат да стекнат знаења за појавата и развојот на парламентарната демократија во Европа;<br>▪ Да се поттикнуваат да ги сфатат причините за појавата на социјалистички идеи и движења - Париска комуна; | ПОДЕМ НА ЕВРОПСКАТА ДЕМОКРАТИЈА | Борба за национално ослободување<br>Париска комуна<br>Синдикати<br>Интернационала<br>Социјалистички идеи<br>Женско движење | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните настани од тој период<br>▪ Разговор со учениците – раскажување на приказна за борбата за правата на жената |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикнуваат да стекнат знаења за борбата на жената за политички права. | | | |
| ▪ Да се поттикнуваат, да осознаат борбатта на големите сили за превласт во Европа, Азија и Африка;<br>▪ Да се поттикнуваат да стекнат знаења за меѓународното групирање на големите сили и за појавата на меѓународните политички кризи. | ОДНОСИТЕ МЕЃУ ГОЛЕМИТЕ ДРЖАВИ (ОД КРАЈОТ НА XIX ДО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК) | Виктор Емаунел<br>Џузепе Гарибалди<br>Ото фон Бизмарк<br>Империјализам<br>Колонијални сили<br>Колонијални поседи<br>Доминиони<br>Централни сили<br>Антанта | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали<br>▪ Работа со историска карта и атлас<br>▪ Илустрации-разговор по илустрации за значајните личности од тој период |
| ▪ Да се поттикнуваат, да стекнат знаења за најважните културни достигања на планот на литература, ликовната и | КУЛТУРАТА И НАУКАТА ВО СВЕТОТ И ЕВРОПА | Вакцини<br>Бактериологија<br>Луј Пастер<br>Рентген<br>Х-зраци | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали<br>▪ Илустрации-разговор по |

| | | | |
|---|---|---|---|
| музичката уметност;<br><br>▪ Да се поттикнуваат, да ги стекнат знаења за најновите достигања во науката и техниката;<br><br>▪ Да се поттикнат да ги осознаат промените во секојдневниот живот на луѓето (култура на живеење во XIX век). | | Марија Склодовска Кири<br>Пјер Кири<br>Атомска хемија<br>Атомска физика<br>Реализам<br>Чарлс Дикенс<br>Камиј Писаро<br>Клод Моне<br>Едгар Дега<br>Реноар<br>Џузепе Верди | илустрации за значајните личности и нивните откритија од тој период<br>▪ Раскажување на приказни за болестите, за пронаоѓање на вакцините, за рентгенот и др.<br>▪ Изработка на пано, со слики , илустрации од значајните личности од тој период |

| Z2. БАЛКАНОТ ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (ориентационо 30 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▪ Да се поттикне, да стекне знаења за слабеењето на централната османлиската власт и појавата на анархија;<br>▪ да се поттикне, да стекне знаења за економското опаѓање на државата и потпаѓање под зависност на европскиот капитал. | ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА ВО XIX ВЕК | Султан Абдул Меџит<br>Ѓулхански хатишериф<br>Хатихумајун<br>Рамазански закон<br>Чифлигарски систем<br>Абдул Хамид II<br>Источна криза<br>Берлински конгрес | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните настани од тој период |
| ▪ Да се поттикне, да стекне знаења за борбата на балканските народи | ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ ДВИЖЕЊА НА БАЛКАНСКИТЕ НАРОДИ | Ригас Велестинлис<br>Филики Етерија<br>Караѓорѓе Петровиќ | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјал |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за културни и просветни права;<br>▪ Да се поттикне , да стекне знаења за појавата на национално-ослободителните движења на балканските народи;<br>▪ Да се поттикне, да ја осознае суштината на Големата источна криза. | ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ | Георги Раковски<br>Христо Ботев<br>Васил Левски<br>Бугарска егзархија<br>Големата источна криза<br>Сан Стефано<br>Берлински конгрес | ▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |
| ▪ Да се поттикне, да стекне знаења за појавата на побогат граѓански слој кај балканските народи;<br>▪ Да се поттикне , да стекне знаења за развојот на занает-чиството и трговијата. | РАЗВОЈОТ НА ГРАЃАНСТВОТО ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ | Казанџиство<br>Кожарство<br>Кондураџиство<br>Сапунџиство<br>Ќучук-кајнарџискиот мировен договор<br>Свиштов<br>Адамантиос Кораис<br>Доситеј | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период<br>▪ Раскажување на приказни за занетите од тој период<br>▪ Изработка на пано со слики и илустрации со занаетите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Обрадовиќ | од тој период |
| <ul><li>Да се поттикне, да стекне знаења за национално-ослободителната борба на српскиот народ;</li><li>да се поттикне, да го осознае процесот на осамостојување на српската држава и нејзиниот развој;</li><li>да се поттикне , да стекне знаења за самостојното автономно кнежевство Црна Гора.</li></ul> | СОЗДАВАЊЕТО НА СРПСКАТА ДРЖАВА | Белградски пашалак<br>Првото српско востание<br>Караѓорѓе Петровиќ<br>Ичковиот мир<br>Второто српско востание<br>Милош Обреновиќ<br>Кнез Милан Обреновиќ<br>Александар<br>Петар I Караѓорѓевиќ | <ul><li>Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за создавањето на српската држава</li><li>Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период</li></ul> |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикне , да стекне знаења за национално-ослободителното д движење на бугарскиот народ - Априлското востание;<br>▪ да се поттикне ,да стекне знаења за создавањето на независната бугарска држава. | СОЗДАВАЊЕ НА БУГАРСКАТА ДРЖАВА | Априлско востание<br>Источна Румелија<br>Александар Батенберг<br>Фердинанд Сакскобурготски<br>Стефан Стамболов | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за создавањето на бугарската држава<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |
| ▪ Да се поттикне, да стекне основни сознанија за за грчкото востание и стекнувањето на независност на Грција. | СОЗДАВАЊЕ НА ГРЧКАТА ДРЖАВА | Александрос Ипсиланти<br>Влашка<br>Молдавија<br>Грчки крал Отон<br>Грчки крал Георгиос I<br>Голема Грција | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за создавањето на грчката држава<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикне , да ги осознае причините за создавањето на Скадарскиот, Јанинскиот и Бератскиот пашалак.<br><br>▪ Да се поттикне,стекне основни сознанија за албанските востанија против Танзиматот;<br>▪ Да знаат за причините и крајот на востанието на Дервиш Цара.<br><br>▪ Да се поттикне да стекне основни | СОЗДАВАЊЕ НА АЛБАНСКИТЕ ПАШАЛАЦИ<br><br>АЛБАНЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ТАНЗИМАТОТ<br><br>ИСТОЧНАТА КРИЗА И АЛБАНСКОТО | Скадарски пашалак<br>Мехмет Паша Бушатли<br>Ахмет Курт-паша<br>Али-паша Тепелена<br><br>Абаз-бег Лушња<br>Тафил Бузи<br>Танзиматски реформи<br>Дервиш Царе<br>Зенел-ага Ѓолекај<br><br>Будимпештански договор | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за создавањето на албанските пашалаци<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период<br>▪ Изработка на пано со слики и илустрации од создавањето на српката, бугарската, грчката држава |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сознанија за Руско-османлиската војна во 1877-1878;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за источната криза и положбата на Албанците во Нишкиот санџак. | ПРАШАЊЕ | Абдул Фрашери | |
| ▪ Да се поттикне, да стекне основни сознанија за влијанието на Сан-стефанскиот договор врз албанското прашање;<br>▪ да се поттикне,да стекне основни сознанија за причините за создавање на лигата; | СОЗДАВАЊЕ НА АЛБАНСКАТА ПРИЗРЕНСКА ЛИГА | Призренско собрание<br>Имери Призрени<br>Илјаз Љоку | |
| ▪ Да се поттикне, | БОРБАТА НА | Али-паша Гуција | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| дастекне основни сознанија за вооружените отпори и борби против османлиската власт;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за создавањето на привремената Албанска влада во Призрен и нејзиното значење. | ЛИГАТА ПРОТИВ ОДЛУКИТЕ НА БЕРЛИНСКИОТ КОНГРЕС | Ходо Соколи<br>Исуф Соколи<br>Призренска лига<br>Имер Призрени<br>Шуап Спахиу<br>Абдил Фрашери<br>Сулејман Вокши | |
| ▪ Да се поттикне, да стекне основни сознанија за Албанската лига во Пеќ;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за албанското востание во првата половина на | АЛБАНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ од 1899 – 1909 ГОДИНА | Беса-бес или Пеќски сојуз<br>Хаџи Зека<br>Бајо Топули<br>Таен албански комитет<br>Черчиз Топули<br>Михаил Грамено | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за албанското ослободително движење<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1903 година;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за создавањето на албанскиот комитет “За слобода на Албанија”.<br><br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за основните идеи на младотурците;<br>▪ да знаат за промените во Турција што се случиле со Младотурската револуција.<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за односот на Албанците кон Младотурската револуција; | МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА<br><br>АЛБАНЦИТЕ ВО ВРЕМЕТО НА МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | Нови османлии<br>Младотурци<br>Абдул Хамид<br>Енвер-беј<br>Нијази-беј<br><br>Битолски конгрес<br>Албанска азбука<br>Иса Болетини<br>Темистокли<br>Грмени<br>Перпарими | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за Младотурската револуција<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период<br>▪ Разговор со учениците за азбуките кои ги знаат, за албанската азбука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија Битолскиот (1908) и Елбасанскиот конгрес (1909).<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за причините и текот на востанието од 1909 година;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за Вториот битолски конгрес и востанието во 1910 г.;<br>▪ да знаат за востанието во 1911 и за текот на општото востание во 1912 година.<br>▪ Да се поттикне , да ги осознае политичките прилики на Балканот и односите помеѓу | АЛБАНСКИТЕ ВОСТАНИЈА ОД 1909 – 1912 ГОДИНА<br><br>БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ | Хасан Приштина<br>Дед Ѓон Лули<br>Меморандум со 12 точки „Црвена книга“<br>Бајрам Цури<br><br>Сојуз на балкански држави<br>Лондонски договор<br>Букурешки | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за албанските востанија<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период<br><br>▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за балканските војни<br>▪ Разговор преку слики, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| балканските држави и за создавањето на Балканскиот сојуз;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за причините, текот и последиците од Првата балканска војна и Втората балканска војна. | | договор | илустрации за значајните личности од тој период |
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за начинот на создавањето и прогласувањето на независната албанска држава;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за историското значење на создавањето на албанската држава. | СОЗДАВАЊЕ НА АЛБАНСКАТА ДРЖАВА | Исмаил Ќемали<br>Луиѓ Гуракуќи<br>Валонско собрание | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за создавањето на албанската држава<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за заложбите на привремената влада за одбрана на независноста на Албанија;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за Албанија за време на владеењето на принц Види;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за положбата на Албанците под српска, црногорска и грчка власт;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија знаат за албанското | АЛБАНЦИТЕ И АЛБАНСКАТА ДРЖАВА ОД 1912 – 1914 ГОДИНА | Вехби Дибра<br>Принц Вилхелм Вид | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| септемвриско востание во 1913 година.<br><br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија знаат за кутурните прилики и соработката помеѓу одделни народи на Балканот;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за најважните достигања во просветата, литературата, театарот, сликарството, музиката, науката, архитектурата и др.;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија објаснуваат | ЖИВОТОТ И КУЛТУРНИТЕ ПРИЛИКИ НА БАЛКАНОТ | Универзитет во Атина<br>Велика школа во Белград<br>Вишо училиште во Софија<br>Вук Караџиќ | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за животот и културните прилики на Балканот<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| промените во начинот на живот кај балканските народи. | | | |
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за заложбите за просветување на албански јазик;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за албанските друштва во дијаспората;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за почетокот на албанската преродба и за првите преродбеници и културно-национални творци. | ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА АЛБАНЦИТЕ ОД ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК ДО ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК | Константин Кристифориди<br>Пашко Васа<br>Сами Фрашери<br>Наим Фрашери | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за животот и културата на албанците<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |

| 3. МАКЕДОНИЈА ОД КРАЈОТ НА XVIII ВЕК ДО КРАЈОТ ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА (Ориентационо 30 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за приликите во Македонија (развојот на чифлигарството и појавата на феудална анархија);<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија о воочат процесот на раѓањето на македонското граѓанство. | МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД XIX ВЕК<br><br>ПРЕРОДБАТА И | Феудална анархија<br>Махмуд-паша Бушатлија<br>Али-паша Јанински<br>Целадин-бег<br>Абдил-бег<br>Исмаил-бег<br>Чифлигарски систем<br>Чифликсајбија<br>Чифлигари<br>Македонски чорбаџии<br>Негушко востание<br>Анастас Караташо<br>Ангел Гацо<br>Зафиракис<br><br>Кирил Пејчиновиќ | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за Македонија во првата половина од деветнаесетиот век<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните настани и личности од тој период<br>▪ Гледање на македонски народни приказни за Македонските |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за борбата на народна просвета, црковна литература и народен јазик;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за почетоците на печатарската дејност во Македонија;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за уметноста и градежништвото. | КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА | Марко Цепенков<br>Константин и Димитар Миладинови<br>Григор Прличев<br>Теодосиј Синаитски<br>Ѓорѓија Пулевски | чорбаџии<br>▪ Гледање на документарни филмови за преродбениците на македонската култура и јазик |
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за основните причини за востание во | РАЗЛОВЕЧКО ВОСТАНИЕ | Источна криза<br>Димитар по Георгиев Беровски<br>Поп Стојан од Разловци<br>Баба Недела | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Македонија;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за подготовката, текот и последиците од Разловечкото востание;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за значењето и улогата на Димитар Поп Георгиев Беровски. | | Караиванова<br>Станислава Караиванова<br>Цоне Спасев | Разловечкото и Кресненското востание<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните настани личности од тој период |
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за причините за востанието и неговото подигање;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни | КРЕСНЕНСКО (МАКЕДОНСКО) ВОСТАНИЕ<br>. | Димитар по Георгиев Беровски<br>Ѓорѓија Пулевски<br>Дедо Ињо Малешевски<br>Стојан Карастоилов<br>Кресна<br>Македонско востание<br>Штаб на македонската | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сознанија за создавањето на слободната територија, организацијата на власта и создавањето на македонската востаничка војска;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за значењето на востанието во борбата за македонска независност. | | востаничка војска<br>Правила на македонскиот востанички комитет | |
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за создавањето на црковно-училишните општини; | БОРБАТА ЗА САМОСТОЈНА ЦРКВА | Димитар Миладинов<br>Јанаки Стрезов<br>Црковно-словенски јазик<br>Охридска архиепископија<br>Теодосиј Гологанов | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за борбата за самостојна црква |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за борбата против Цариградската патријаршија и за обидите за обновување на Охридската архиепископија;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за ширењето на туѓите црковни влијанија во Македонија. | | Грчка пропаганда<br>Бугарска пропаганда<br>Српска пропаганда<br>Католичка пропаганда<br>Простенатска пропаганда | ▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период |
| ▪ Да се поттикне , да ги осознае причините за миграциите од Македонија;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни | МАКЕДОНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУШТВА ВО ЕМИГРАЦИЈА | Млада македонска книжевма дружина<br>Списание „Лоза“<br>Лозари<br>Врховен македонски комитет<br>Македонско друштво | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали<br>▪ Разговор преку слики, илустрации |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сознанија за начините на организирање, организациите и нивното функционирање;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за најважните македонски емигрантски здруженија (во Бугарија, Србија, Швајцарија и Русија). | | „Вардар“<br>Крсте Петков Мисирков<br>Македонски клуб<br>Весник „Балкански гласник“<br>Македонски таен револуционерен комитет<br>Весник „Одмазда“<br>Славјано-македонско научно литературно другарство<br>Димитрија Чуповски | за значајните личности од тој период |
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за содавањето на МРО и нејзините програмски документи;<br>▪ да се поттикне , да | ФОРМИРАЊЕ И ДЕЈНОСТА НА М Р О | Македонска револуционерна организација<br>Христо Татарчев<br>Даме Груев<br>Иван Хаџи Николов<br>Петар Поп Арсов<br>Христо Батанџиев | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| стекне основни сознанија за ширењето на МРО и нејзината воена организација;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за појавата на врховизмот и неговите методи на делување. | | Андон Димитров<br>Солунски конгрес<br>Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО)<br>Задгранично претставништво<br>Устав<br>Правилник<br>Гоце Делчев<br>Војвода<br>Врховен македонски комитет | личности од тој период |
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за животот, делото и значењето на: Гоце Делчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Ѓорче | ИСТАКНАТИ ДЕЈЦИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА (МРО) | Гоце Делчев<br>Даме Груев<br>Петар Поп Арсов<br>Ѓорче Петров<br>Пере Тошев<br>Јане Сандански | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Петров, Пере Тошев и Јане Сандански. | | | личности од тој период<br>▪ Изработка на пано со слики од значајните личности од овој период<br>▪ Гледање на филм со Гоце Делчев |
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за причините, поводот и подготовките за подигање на востанието;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за солунските атенатати;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија аат за | ИЛИНДЕНСКО ВОСТАНИЕ | Врховистички провокации<br>Иван Гарванов<br>Солунски атентати<br>Брод „Гвадалкивир“<br>„Отоманска банка“<br>Смилевски конгрес<br>Солун<br>Смилево<br>Крушево<br>Клисура<br>Невеска | ▪ Гледање на документарен филм за Илинденското востание и Крушевската република |

| | | | |
|---|---|---|---|
| подигањето и текот на востанието.<br><br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија  за ослободувањето на Крушево и воспоставувањето на востаничка власт;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за значењето на Крушевската република.<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија  за улогата на Никола Карев во создавањето на | КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА | Горскот началство<br>Никола Карев<br>Крушевска Република<br>Совет на републиката<br>Привремена влада<br>Крушевски манифест<br>Место Слива<br>Питу Гули<br>Мечкин Камен | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Крушевската република;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за крајот на востанието. | | | |
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за угушувањето и последиците од Илинденското востание;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за односот на големите сили кон положбата во Македонија;<br>▪ да се поттикне , да стекне основни сознанија за делувањето на | ПОЛОЖБАТА ВО МАКЕДОНИЈА ПО ВОСТАНИЕТО | Мирцештегски реформи<br>Рилски манастир<br>Рилски конгрес<br>Внатрешно македоно-одринска револуционерна организација (ВМОРО) | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за Македонија по востанието<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните настаните од тој период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| туѓите вооружените пропаганди во Македонија.<br><br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за учеството на Македонците во Младотурската револуција и во нејзината одбрана;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за политичкото организирање и делување на Македонците во периодот на младотурците. | МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА | Јане Сандански<br>„Манифест до сите сонародници во империјата“<br>Народна федеративна партија<br>Димитар Влахов | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за Македонија во времето на Младотурската револуција<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните настани и личности од тој период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за учеството на Македонците во балканските војни;<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за Букурешкиот договор и неговите последици за Македонија и македонскиот народ.<br>▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за делувањето и активностите на македонската колонија во Петровград. | МАКЕДОНИЈА ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ | Првата балканска војна<br>Втората балканска војна<br>Букурешкиот мировен договор<br>Македоно-одринско ополчение<br>Петар Чаулев<br>Јане Сандански<br>Мелник<br>Солун<br>Семакедонска конференција<br>Самостојна и независна Македонија<br>Меморандум до големите сили<br>Весник „Македонски глас“ | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за Македонија во Балканските војни<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период<br>▪ Работа со историска карта и атлас |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ▪ Да се поттикне , да стекне основни сознанија за улогата на Димитрија Чуповски и на Крсте Петков Мисирков за одбрана на македонската национална посебност. | АФИРМАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА МИСЛА ЗА СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА | Крсте Петков Мисирков „За македонцките работи“<br>Димитрија Чуповски Списание „Македонски глас“ | ▪ Текст метода: читање текстови од историска читанка и други пишувани материјали за создавњето на македонската држава<br>▪ Разговор преку слики, илустрации за значајните личности од тој период<br>▪ Изработка на пано со слики и илустрации од Македонија во тој период |

## Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби согласно, со видот и степенот на попреченоста, треба да да се практикува строго диференциран и индивидуализан пристап во рамките на воспитно - образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и секако академски постигнувања.

Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- Да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- За учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост на дозволува наставниците да планираа исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- Доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвување на индивидуален образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе: одделението, содржините како и целта на нивното повторно обработување.

## 5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ

Учениците со аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција ( имаат проблеми со започнување и/или спонтано одвивање на конверзацијата. Тие може да реагираат и/или да одговарат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни и специфични начини. Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно. Карактеристика за нив е што многу често инсистираат едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето. Многу често пружаат отпор на воведување на евентуални промени од каква била промена. Учениците се соочуваатсо тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфичност во нивното однесување исто така претставува постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија) како и повторување на одредени движења (ехопраксија).
Тие претпочитаа да бидат сами, но и кога во нивното опкружување има други лица  не остваруваат комуникација(иако се присутни во иста просторија со нив тиесе однесуваат како да не ги забележуваат, како се потполно сами во просторија). Манифестацијата на лошо расположение, настапи на лутина и гнев без видливи причини исто така се карактеристики на учениците со аутизам. Учениците со аутизам не сакаат блиски контакти. Воопшто, нечија близина, особено на лица кои не ги познаваат или не ги прифаќаат  се вознемируваат  и скоро секогаш се пропратени со специфични манифестации. Тие малку или воопшто не остваруваат контакт со очите со соговорникот или останатите присутни  во опкружувањето.
Голем број од овие ученици опсесивно се врзуваат за одреден предмет кој може постојано да им е во рацете. Многу специфично се однесуваат при манифестација на болка. пр. Манифестираат хипер или  хипо сензитивност на болка без видливи  видливи причини за таков вид на реакција. Тие немаат или не манифестираат чувство за опасност дури и во моменти на сериозната опасност.
Нивна карактеристика е  хипо или хиперактивноста. Во одредени ситуации се однесуваат како да се глуви покрај тоа што направените аудиограми не покажуваат редукција на слухот. Проблемите во воспоставување

на вербалната и невербалната комуникација и социјалните односи воопшто преставуваат голема бариера и тешкотија. Нивното внимание е лабилно и краткотрајно и претставува проблем кој го отежнува воспоставувањето на контактите.
Овие ученици се насочени кон своите потреби. Тие се обидуваат на себе својствен начин да ги реализираат сопствените потреби, притоа користејќи ја невербалната комуникација.
Кај нив многу често се забележува моторен немир кој се манифестира на за нив својствен начин изразен преку различни видови стереотипни движења (трчање во круг, постојано вртење околу сопствената оска, лулање на телото, плескање со рацето, повторување на зборови).Нна овие симптоми треба да се гледа како на секундарни симптоми на нивната специфична состојба.
Главниот проблем треба да се лоцира во сферата на разбирањето и користењето на реципрочните интеракции. Претходните наведени манифестации во однесувањето не треба да значат дека тиене се нежни или дека воопшто не можат да воспостават комуникација со останатите и/или дека доцнат во развојот на социјалните вештини.
Природата на проблемите и потешкотиите се забележува и во интерактивните игри со врсниците.При обидите за воспоставување каков било вид на комуникација тие не реагираат воопшто или реагираат несоодветно на одредена ситуација. Карактеристично за нив е дека се „вклучуваат во светот" само тогаш кога нешто им е потребно. Треба да се искористи секој таков момент затоа што во тој момент го забележуваат соговорникот и се отвара можност за комуникација.
Тие манифестираат огромен распон на вниманието за повеќе видови активности. Може истовремено да бидат заинтригирани со повеќе различни активности, но исто така може да поминат долг временски период фокусирани на една многу едноставна активност.
Се случува спонтано или доколку се поттикнати да се вклучат во заедничка активност со други ученици и покрај тоа што се физички присутни во просторијата да не учествуваат активно или пак воопшто да не воспостават комуникација.

Кај овие ученици се јавуваат проблеми во извршувањето на задачите. Кај нив се случуваат епизоди на плачење или смеење без за тоа да постојат видливи причини.
Нивниот говор е сиромашен, монотон и често звучи како ехо (одек). Доколку одговора на поставеното прашање тоа го прави на специфичен начин.
Карактеристично за овие ученици е што не прифаќаат и несоодветно одговараат на одредени стандардни методи на учење и поучување. Овие ученици најдобро напредуваат во „педагошки амбиент" добро структуиран согласно со нивните потреби. Покрај амбиентот треба да му се понудат соодветни индивидуализирани програми со јасно дефинирани цели кои може да се модифициираат во зависност од неговите потреби и способности. Заради хетерогеноста на причините и манифестациите за овие ученици не постои пристап или систем кој е универзален и ефикасен за сите.
При изработката на индивидуален образовен план наставникот (во соработка со родителите) треба да се концентрира на оние области во кои врз основа на комплексна процена ученикот ќе може успешно да ги реализира поставените цели. Акцентот при планирањето треба да биде адекватно образование за секој ученик при што ќе се обезбеди оптимално развивање на вештините во сферата на социјалната партиципација и интеракција. Една од главните цели на наставникот треба да биде успешно вклучување и подобро прифаќање на секој ученик од околината што е од пресудно значење за нив.
Важни предуслови за вклучување на учениците со аутизам во воспитно-образовниот процес и успешно реализирање на истиот се: да им обезбеди чувство на сигурност, чувство на доверба во наставникот, да им обезбеди одредена шема во дневните активности, временска и просторна предвидливост и информираност за текот на планираните дневни активности; да им се обезбедат соодветни и едноставни вербални, акустички и визуелни информации, како и да се практикува активно и директивно воспоставување на комуникација со различни субјекти ( со различна динамика и квалитет, а задачите (налозите) и нивната реализација да бидат планирани како краткотрајни, сукцесивни и едноставни чекори.

## 6. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- **Насоки за меѓупредметно поврзување (корелација со други наставни премети)**

  Наставниот предмет **основи на општествените науки** содржи меѓупредметно поврзани цели, содржини и активности односно корелација. Со оглед на фактот што наставната програма е структуирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањето на општествените науки, се очекува и планирањето на наставата да ја следи оваа глобална цел. Целите и содржините на овој наставен предмет се компонирани од аспект на сите општествени науки и нивната примена во секојдневниот живот.

- **Препораки за користење на годишниот фонд на часови**

  Препораките за користење на годишниот фонд на часови се дадени како ориентација заедно со конкретните цели и теми и содржини што секако не треба да го ограничува нивното прераспределување, според потребите при реализацијата.
  Поинакво користење на часови треба да го проценува предметниот наставник според достигнувањата на неговите ученици т.е. според промените во квалитетот на знаењата и резултатите кои тие ги постигнуваат.
  Наставниот предмет **основи на општествените науки во VIII одделение** се изучува со 2 часа неделно односно 72 часа годишно.

- **Наставни средства**
    - Извори на учење од непосредната околина-примери на појави, настани предмети и сл.во семејството, населбата, блиската околина, општината и општеството во целина , како и односите меѓу луѓето.
    - Енциклопедии за деца, речници, атласи, карти и сл.
    - Интернет, образовни софтвери-Греен пакет јуниор.
    - Светски признати списанија од областа на општествените науки.
    - Аудиовизуелни средства (графоскоп, дигитален фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД, видеоплеер, ЛЦД и др.)

Важно е наставниот процес да биде заснован на
-секојдневни реални состојби и прашања кои произлегуваат од непосредната лична и општествена околина на учениците;
-холистичка, интердисциплинарна и интерактивна обработка на наставните содржини;
-насочување кон планирањето и преземањето на активностите во непосредната околина;
-поттикнување на споредбен пристап во обработка и презентирање на информации за појавите и други сознанија.

За постигањето на целите треба да се користат соодветни наставни форми од индивидуална работа, работа во парови и групна работа. Во разработката на наставната содржина соодветно треба да се користат следните методи и активности: проектна настава, проблемска настава, посети и разговори, играње на улоги и симулација, усна и писмена презентација. Се препорачуваат исто така и екскурзии и посети кога е можно тоа. Наставникот е самостоен при изборот на начините и пристапите во реализација на наставната програма.

## 7.ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Следењена постигањата на учениците**

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигнувањата (промените) на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработка со другите и сл. (формативно оценување), со цел да се воспостават врските помеѓу учењето, поучувањето и оценувањето.

Во програмата се наведуваат начини на следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставните теми низ активностите на учениците во кои спаѓаат активностите поврзани со водење на потфолио за ученикот со задачи, извештаи од истражувачките активности и сл.Други средства и постапки за следење и оценување : говорни вежби, разговор - дијалог наставник-ученик, работни листови, тестови на знаења.

Следењето на постигнувањата на учениците е составен дел на планирањето на наставата и на учењето

- Оценувањето треба да се базира врз користењето на повеќе различни методи за да се намалуваат слабостите и за да се земаат во предвид различните стилови и предиспозиции за учење на учениците. Проверувајќи го напредокот во постигнувањата на учениците, наставникот може да ги насочува учениците кон поставените цели на наставата.
- Оценувањето треба да биде праведно, да се спроведува непристрасно, како при вреднување на постигнувањата така и при интерпретацијата и користењето на резултатите.
- Оценувањето треба да се врши транспарентно што подразбира дека учениците треба да знаат кои се целите на наставата, кои се очекуваните постигнувања и како тие постигнувања се оценуваат. Тоа значи дека учениците треба да знаат зошто и што треба да научат и како и кога се оценува.
- Учениците и родителите треба континуирано да имаат увид во оценувањето.

**Начини на проверување и оценување**

- Усни одговори на прашања поставени од наставникот или од учениците;
- Писмени извештаии, евиденции на податоци од истражувањата;
- Практична изведба (вежби, моделирање, изработка на цртежи, скици, други графички материјали, примена на формули и сл.
- Проектна работа (набљудување, предвидување, собирање податоци и објекти, запишување и прикажување на податоци, презентирање);
- Работа во група;

**Други средства и постапки за следење и оценување:**

- Разговор-дијалог / наставник-ученик;
- Контролни листови, тестови на знаења;
- Домашни работи;
- Чек листи

Постигнувања на учениците во текот на годината се оценуваат со бројчана оценка.

## 8. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата по наставниот предмет основи на општествени науки се реализира во просторни услови и услови на опременост според општиот норматив за опременоста за реализирање на наставните програми за деветгодишно основно образование.

## 9.НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставната програма по основи по општествени науки во осмо одделение може да ја изведува лице кое завршило:

-Завршени студии по историја наставна насока со дополнителна дефектолшка дообразба;
-Завршени студии по историја ненаставна насока со педагошко-психолошка и методска дообразба и дополнителна дефектолошка дообразба и
-Дипломиран дефектолог.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по основи на општествените науки за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр. 11-15782/1 Министер
01.10.2014 година

____________________________
Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Ирена Борисовска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор